**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**СУПЕР МАШКА ЛИГА**
**16.04.2025 год.**
**С К О П Ј Е**

# БИЛТЕН бр. 1-а/2025 год.

Натпреварувачката комисија на ден 07.04.2025 год. во просториите на Ракометната федерација на Македонија, врз основа на службените записници од 1-коло на супер машка ракометна лига ПЛЕЈ ОФ и ПЛЕЈ АУТ, ги регистрира следните натпревари:

| | | |
|---|---|---|
| РК БУТЕЛ СКОПЈЕ-ГРК ОХРИД | 20:22 | (08:13) |
| РК ВАРДАР 1961-РК АЛКАЛОИД | 34:26 | (15:13) |
| ГРК ТИКВЕШ 2014-РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР | 27:32 | (15:16) |
| | | |
| РК ПРИЛЕП-РК ФРУИТ ЛЕНД БОРЕЦ | 28:21 | (14:07) |
| РК ПРОЛЕТ 62-РК СТРУГА | 30:23 | (15:12) |
| МРК КУМАНОВО-РК РАДОВИШ | 24:19 | (10:12) |

Дисциплинската Комисија на Ракометна Федерација на Македонија, во состав Среќко Ѓорѓиевски како Претседател, Кристина Лукрис и Тони Николовски, како членови, постапувајќи по поднесената жалба од АД Ракометен клуб АЛКАЛОИД РАКОМЕТ Скопје, за материјални повреди на ракометна игра од страна на делегираните судии Ѓорѓи Начевски- Славе Николов за натпреварот одигран на 02.04.2025 година помеѓу екипите на РК Алкалоид Скопје и РК Вардар 1961 Скопје, врз основа на член 60, 85 и 88 од Дисциплинскиот Правилник на Ракометна Федерација на Македонија, како и врз основа на член 18 од Пропозициите за натпреварување во супер машка ракометна лига за натпреварувачка сезона 2024/2025, на седница одржана на ден 15.04.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

1.Жалбата на подносителот АД Ракометен клуб АЛКАЛОИД РАКОМЕТ СКОПЈЕ, поднесена на 04.04.2025 година, за материјални повреди на ракометна игра од страна на делегираните судии Ѓорѓи Начевски- Славе Николов во врска со натпреварот од првото коло од плеј оф разигрувањето за сезона 2024/2025, одигран на 02.04.2025 година помеѓу екипите на РК Алкалод Скопје и РК Вардар 1961 Скопје, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

2.СЕ УТВРДУВА дека не се сторени материјални повреди на ракометната игра кои влијаеле на конечниот резултат на натпреварот од страна на делегираните судии Ѓорѓи Начевски и Славе Николов во врска со натпреварот од првото коло од плеј оф разигрувањето за сезона 2024/2025, одигран на 02.04.2025 година помеѓу екипите на РК Алкалод Скопје и РК Вардар 1961 Скопје, и наведените дејствија во жалбата во однос на сторени материјални повреди на ракометната игра од страна на делегираните судии Ѓорѓи Начевски и Славе Николов, не претставуваат дисциплински престап во смисла на член 2 и член 86 став 1 точка 7 од Дисциплинскиот Правилник на РФМ.

3.СЕ УТВРДУВА дека делегираните судии Ѓорѓи Начевски и Славе Николов, кои суделе на натпреварот од првото коло од плеј оф разигрувањето за сезона 2024/2025, одигран на 02.04.2025 година помеѓу екипите на РК Алкалод Скопје и РК Вардар 1961 Скопје, сториле дисциплински престап поради непочитување на основните начела и одредбите од член 1 и член 6 од Кодексот за однесување на службени лица на РФМ, со тоа што при комуникација со официјалните претставници на клубовите за време на натпреварот употребувале навредливи и недолични фрази, поради што судиите Ѓорѓи Начевски и Славе Николов се ОДГОВОРНИ, за сторен дисциплински престап во смисла на член 2 од Дисциплинскиот Правилник на РФМ, и ИМ СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска санкција ОПОМЕНА, а врз основа на член 5 и член 7 од Дисциплинскиот Правилник на Ракометна Федерација на Македонија.

***Правна поука:Против одлуката донесена во прв степен може да се изјави жалба пред второстепениот орган, а преку органот кој го донел првостепеното решение, во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката.***

На сите натпревари од машката супер лига беше спроведен Live Stream. Вкупната гледаност на live stream-от од **1**-то коло плеј оф и плеј аут, изнесуваше 22.500 гледачи.

ТАБЕЛА ПЛЕЈ ОФ

| ПОЗ | ТИМ | ОН | ПОБ | НЕР | ПОР | ГД | ГП | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | РК ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР | 1 | 1 | 0 | 0 | 32 | 27 | 5 | 5 |
| 2 | РК ВАРДАР 1961 | 1 | 1 | 0 | 0 | 34 | 26 | 8 | 4 |
| 3 | ГРК ОХРИД | 1 | 1 | 0 | 0 | 22 | 20 | 2 | 3 |
| 4 | РК АЛКАЛОИД | 1 | 0 | 0 | 1 | 26 | 34 | -8 | 2 |
| 5 | ГРК ТИКВЕШ 2014 | 1 | 0 | 0 | 1 | 27 | 32 | -5 | 1 |
| 6 | РК БУТЕЛ СКОПЈЕ | 1 | 0 | 0 | 1 | 20 | 22 | -2 | 0 |

ТАБЕЛА ПЛЕЈ АУТ

| ПОЗ | ТИМ | ОН | ПОБ | НЕР | ПОР | ГД | ГП | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | РК ПРИЛЕП | 1 | 1 | 0 | 0 | 28 | 21 | 7 | 5 |
| 2 | РК ПРОЛЕТ 62 | 1 | 1 | 0 | 0 | 30 | 23 | 7 | 4 |
| 3 | МРК КУМАНОВО | 1 | 1 | 0 | 0 | 24 | 19 | 5 | 4 |
| 4 | РК СТРУГА | 1 | 0 | 0 | 1 | 23 | 30 | -7 | 1 |
| 5 | РК ФРУИТ ЛЕНД БОРЕЦ | 1 | 0 | 0 | 1 | 21 | 28 | -7 | 1 |
| 6 | РК РАДОВИШ | 1 | 0 | 0 | 1 | 19 | 24 | -5 | 0 |

Изготвил:
Координатор за супер лиги
Силвана Карбеска

Потврдил:
Натпреварувачка комисија